Република Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 7**

**17.05.2016**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на О Д Л У К А**
**за ослободување од надоместок за уредување на градежно земјиште**

1.Ја објавувам Одлуката за ослободување од надоместок за уредување на градежно земјиште донесена на ИТНА седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 13.05.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-427/1** **Општина Демир Хисар**
**17.05.2016 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**469.**Врз основа на член 59 став 12 и 13 од Законот за градење „Службен весник на Р Македонија бр. 70/2013 година како и во согласност со член 43 точка 42 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 ) Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 13.05.2016 донесе

**О Д Л У К А**
**за ослободување од надоместок за уредување на градежно земјиште**

Член 1

Се донесува Одлука за ослободување на инвеститорот Амбасада на Соединетите Американски држави во Скопје односно корисникот ЈЗУ „Психијатриска болница“ Демир Хисар од надоместок за уредување на градежно земјиште.

Член 2

Инвеститорот и корисникот во своето Барање имаат наведено дека во кругот на корисникот ќе се гради нов павиљон односно зграда за болничко лекување, објект од опшествен интерес.

Ослободувањето на именуваниот надоместок важи само доколку се исполнети останатите услови за градење согласно позитивните законски прописи и Законот за градење.

Член 3

Општината го задржува правото на дополнителна наплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште доколку инвеститорот и корисникот не ги почитуваат останатите услови за градење согласно позитивните законски прописи.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 17-413/2** **Совет на Општина Демир Хисар**
**13.05.2016 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Ѓоко Василески с.р.**

------------------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за ослободување од надомест за уредување на градежно земјиште-------------------- 1

**Издава:**
**Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**

**Градоначалник**
**Љупчо Блажевски**

**Компјутерска обработка:**
**Виолета Пајковска**